## ОДБЕРИ СТРУЧНО, ЗАПИШИ СЕ ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ

**Почитувани родители и наши идни ученици**

Училиштето СУГС „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ Скопје, постои повеќе од седум децении и има традиција да едуцира кадар за повеќе струки, за што сведочат и голем број професионалци од овие области кои се излезени од училиштето. Училиштето подготвува кадри за потребите на пазарот на трудот кои се подготвени за отварарње сопствен бизнис или вработување во компаниите. Статистиката покажува дека по завршувањето голем број од учениците се вработуваат.

**Во училиштето се застапени следните струки и профили:**

1. **Струка: Лични услуги**
   - **Техничар за козметичка нега и убавина- четиригодишно образование(македонски и албански јазик)**
   - **Фризер – тригодишно образование(македонски, албански и турски јазик)**
   - **Естетичар за нега на раце и нозе - тригодишно образование(македонски и албански јазик)**

2. **Хемиско-технолошка струка**
   - **Прехранбен техничар - четиригодишно образование(македонски и албански јазик)**
   - **Млекопреработувач – тригодишно образование**
   - **Месопреработувач - тригодишно образование(македонски и албански јазик)**
   - **Месар – двегодишно образование**

3. **Графичка струка**
   - **Графички уредник дизајнер - четиригодишно образование**
   - **Печатар – тригодишно образование(македонски и албански јазик)**
   - **Доработувач на графички производи - тригодишно образование**

Наставата се изведува на македонски, албански и турски јазик, со модулирани програми кои ги реализираат обучен наставен кадар по теоретска и практична настава. Задолжителна е и обука кај работодавачи, со кои училиштето има склучено договори за соработка.

**Предности на Училиштето се:**

Актуелни и перспективни образовни профили;
Реализација на практичната настава во современо опремени кабинети и простории;
Тригодишни и четиригодишни програми;
Посета и соработка со компании од големо значење за струката;
Можност за продолжување на образованието на високо образовни институции и
Квалитетен наставен кадар.

## ОДБЕРИ СТРУЧНО, ЗАПИШИ СЕ ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ

Во тек се подготовки за претстојните  уписи во нашето училиште СУГС „Димитар Влахов“ Скопје, во јунскиот  уписен рок. Затоа, сакаме да Ве потсетиме за условите, термините и потребните документи за упис во нашето Училиште:

**Првото пријавување и запишување** на учениците се врши на **16 и17 јуни 2020 година**, а ранг листите со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на **18 јуни 2020 година.**

**Второто пријавување и запишување** на учениците се врши на **24 и 25 јуни 2020 година**, а резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на **26 јуни 2020 година.**

**Третото пријавување и запишување** на учениците се врши на **29 јуни 2020 година**, а резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на **30 јуни 2020 година**.

**При пријавувањето за упис, учениците имаат обврска да ги поднесат следните документи:**

- **пријава за запишување** (пријавата за запишување ученикот ја подигнува од училиштето или ја симнува од web страната на училиштето и пополнета ја носи во училиштето *)
- **оригинални свидетелства од VI до IX одделение;**
- **дипломи, (доколку имаат)** од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје;
- **извод од матичната книга на родените** (оригинал или заверен на нотар, без оглед на датумот на издавањето).

**НАПОМЕНА**: **При поднесување на документите за упис,задолжително присуство на ученик, родител односно старател на ученикот.**

**При запишувањето ќе се почитува - Протокол за постапување за средните училишта за време на запишување на ученици во прва година во учебната 2020/2021.**

**Уписот започнува во 07:00 часот и трае до 19:00 часот**.

За подетални информации за уписот посетете ја веб страната на училиштето **www.dimitarvlahov.edu.mk**

*Пријавите по струки и профили се наоѓаат на веб страната на училиштето **www.dimitarvlahov.edu.mk**, согласно вашиот избор можете да  симнете и пополнета да ја донесете при уписот.